zgjedhore. Kushte për realizim të kontakteve të deputetit me qytetarët në njësinë e tij zgjedhore Kuvendi mund të sigurojë në bashkëpunim edhe me Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pajtim me ligjin.".

Neni 17

(1) Aktet nga neni 35 paragrafi (1) nënparagrafët 1, 2 dhe 5 të këtij ligji për vitin 2022, do të miratohen pas themelimit të Këshillit të Kanalit të Kuvendit.

(2) Mjetet për kanalin e Kuvendit, në Propozimbuxhetin për Kuvendin për vitin 2022 i përcakton Këshilli Buxhetor me propozim të kryetarit të Kuvendit apo personit të autorizuar nga ai.

Neni 18

Autorizohet Komisioni Juridik – Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekst të konsoliduar të Ligjit për Kuvendin e Republikës së Maqedonisë.

Neni 19

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**2887.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПОРАДИ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА

Се прогласува Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2021 година.

Бр. 08-3620/1
29 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА ПОРАДИ ПРИВАТИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за стекнување и начинот на користење на право на материјално обезбедување во вид на паричен надоместок, на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок (во натамошниот текст: невработеното лице), во претпријатија со доминантна сопственост на државата или по нивна приватизација, во периодот од 1 јануари 1993 година, заклучно со 31 декември 2020 година.

Член 2

Невработено лице во смисла на членот 1 од овој закон, е лицето:

- кое било најмалку 14 години во работен однос во претпријатија со доминантна сопственост на државата, утврден со М1/М2 обрасци,
- на кое работниот однос му престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, заклучно со 31 декември 2020 година, во претпријатие со доминантна сопственост на државата или на кое работниот однос му престанал по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, по приватизација на претпријатието, под услов истиот да бил заснован додека претпријатието било со доминантна сопственост на државата и при приватизацијата да не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), а доколку дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), претпријатието да произлегло од претпријатието со доминантна сопственост на државата, врз основ на статусна промена, согласно со закон,
- кое на денот на поднесување на барањето од членот 6 став 1 од овој закон, е на возраст од најмалку 52 години (жена), односно 55 години (маж),
- кое остварило право на паричен надоместок по 1 јануари 1993 година и
- кое од 31 декември 2020 година до денот на влегувањето во сила на овој закон, не било во работен однос.

Член 3

Овој закон не се однесува на оние лица кои примиле испратнина поголема од 12 месечни плати во висина над просечната исплатена месечна нето-плата во Република Северна Македонија во дадениот период.

Член 4

Невработеното лице има право на месечен паричен надоместок во висина од 34% од просечно исплатената месечна нето-плата по работник во Републиката, за претходната година.

Член 5

Правото на паричен надоместок, невработеното лице од членот 2 од овој закон, го остварува до негово вработување или пензионирање, односно до настапување на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок, утврдени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Член 6

Право на паричен надоместок, согласно со овој закон, може да оствари невработено лице кое ќе поднесе барање до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата за вработување), каде што е евидентирано, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Агенцијата за вработување, правото на паричен надоместок од ставот 1 на овој член, го утврдува врз основа на лично барање на невработеното лице.

Правото на паричен надоместок, согласно со овој закон, се остварува од денот на поднесување на барањето до Агенцијата за вработување.

Доколку барањето не е поднесено во рокот од ставот 1 на овој член, надлежниот орган барањето ќе го отфрли како ненавремено.

Член 7

Со остварувањето на правото на паричниот надоместок согласно со одредбите од овој закон, на невработеното лице му престанува правото на парични примања по други основи.

Член 8

Владата на Република Северна Македонија, преку Централниот депозитар на хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија, ќе обезбеди список со податоци за претпријатијата во кои Република Северна Македонија се јавува како доминантен сопственик на капиталот и за претпријатијата со доминантна сопственост на државата кои биле приватизирани, а во кои не дошло до промена на единствениот матичен број на субјектот (ЕМБС), како и за претпријатијата со променет единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) кои произлегле од претпријатијата со доминантна сопственост на државата, врз основ на статусна промена и истиот ќе го достави до Агенцијата за вработување, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Постапките за остварување на право на материјално обезбедување на невработените лица започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат според Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008 и 33/14), Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија" број 132/17 и 51/18), Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Македонија" број 198/18 и 241/18) и Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 10/20).

Член 10

За прашањата што не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, се применуваат одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, кои се однесуваат на невработените лица – корисници на паричен надоместок.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата („Службен весник на Република Северна Македонија" број 10/20).

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

## L I GJ
## PËR SIGURIM MATERIAL TË PERSONAVE TË PAPUNËSUAR PËR SHKAK TË PRIVATIZIMIT TË NDËRMARRJEVE ME PRONËSI DOMINUESE TË SHTETIT

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet për marrjen dhe mënyrën e shfrytëzimit të së drejtës për sigurim material në formë të kompensimit në para për personat e papunësuar,

të cilëve u është ndërprerë marrëdhënia e punës në bazë të falimentimit, likuidimit ose tepricës teknologjike, (në tekstin e mëtejmë: personi i papunësuar), në ndërmarrjet me pronësi dominuese të shtetit ose me privatizimin e tyre, gjatë periudhës prej 1 janar 1993 përmbylltas me 31 dhjetor 2020.

Neni 2

Personi i papunësuar sipas nenit 1 të këtij ligji është personi:

- i cili ka qenë së paku 14 vjet në marrëdhënie pune në ndërmarrje me pronësi dominuese të shtetit, të përcaktuar me formularët M1/M2,
- të cilit i është ndërprerë marrëdhënia e punës në bazë të falimentimit, likuidimit ose tepricës teknologjike, përmbylltas me 31 dhjetorin 2020, në ndërmarrje me pronësi dominuese të shtetit ose të cilit i është ndërprerë marrëdhënia e punës në bazë të falimentimit, likuidimit ose tepricës teknologjike, me privatizimin e ndërmarrjes, me kusht që e njëjta të themelohet derisa ndërmarrja ka qenë në pronësi dominuese të shtetit dhe gjatë privatizimit nuk ka ardhur deri në ndryshimin e numrit të vetëm të amzës të subjektit (NVAS), ndërsa nëse ka pësuar ndryshimin e numrit të vetëm të amzës të subjektit (NVAS), ndërmarrja ka dalur nga ndërmarrja me pronësi dominuese të shtetit në bazë të ndryshimit të statusit, në pajtim me ligjin,
- i cili në ditën e parashtrimit të kërkesës nga neni 6 paragrafi 1 i këtij ligji, është në moshë prej së paku 52 vjet (femër) përkatësisht 55 vjet (mashkull),
- i cili e ka realizuar të drejtën e kompensimit në para, pas 1 janarit 1993 dhe
- i cili prej 31 dhjetorit 2020 deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji nuk ka qenë në marrëdhënie pune.

Neni 3

Ky ligj nuk u referohet personave të cilët kanë marrë pagesë përcjellëse më të madhe se 12 paga mujore neto në lartësi mbi pagën mesatare mujore të paguar në Republikën e Maqedonisë së Veriut në periudhën e dhënë.

Neni 4

Personi i papunë ka të drejtë për kompensim me para në lartësi prej 34% të neto pagës mesatare të paguar për punëtor në Republikë për vitin paraprak.

Neni 5

Të drejtën e kompensimit në para personi i papunë nga neni 2 i këtij ligji, e realizon deri në punësim apo pensionim të tij, përkatësisht deri në krijimin e disa nga bazat për ndërprerje të së drejtës së kompensimit me para, të përcaktuara me Ligjin e Punësimit dhe të Sigurimit në rast të papunësisë.

Neni 6

Të drejtë për kompensim me para, në pajtim me këtë ligj, mund të realizojë personi i papunë i cili do të parashtrojë kërkesë në Agjencinë e Punësimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Agjencia e Punësimit) ku është i evidentuar, në afat prej 30 ditë nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Agjencia e Punësimit, të drejtën e kompensimit me para nga paragrafi 1 i këtij neni e përcakton në bazë të kërkesës personale të personit të papunë.

E drejta për kompensim me para, në pajtim me këtë ligj, realizohet nga dita e parashtrimit të kërkesës në Agjencinë e Punësimit.

Nëse kërkesa nuk është parashtruar në afatin nga paragrafi 1 i këtij neni, organi kompetent kërkesën do ta hedhë poshtë si kërkesë jo në kohë të duhur.

Neni 7

Me realizimin e të drejtës së kompensimit me para në pajtim me dispozitat e këtij ligji, personit të papunë i pushon e drejta për të ardhura në para në baza tjera.

Neni 8

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, nëpërmjet Depozitarit Qendror të Letrave me Vlerë dhe Regjistrit Qendror të Republikës së Maqedonisë, do të sigurojë listë me të dhëna për ndërmarrjet në të cilat Republika e Maqedonisë së Veriut paraqitet si pronare dominuese e kapitalit dhe për ndërmarrjet me pronësi dominuese të shtetit, të cilët kanë qenë të privatizuar, ndërsa nuk ka pësuar ndryshimi të numrit të vetëm të amzës të subjektit (NVAS), si dhe për ndërmarrjet me numër të ndryshuar të vetëm të amzës të subjektit (NVAS) të cilat kanë dalë nga ndërmarrjet me pronësi dominuese të shtetit, në bazë të ndryshimit të statusit dhe të njëjtën do ta dorëzojë në Agjencinë e Punësimit, në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Procedurat për realizimin e të drejtës së sigurimit material të personave të papunë deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të mbarojnë sipas Ligjit i Sigurimit Material të personave të papunësuar për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 87/08 dhe 33/13), Ligjit të Sigurimit Material të personave të papunësuar për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 132/17 dhe 51/18), Ligjit të Sigurimit Material të personave të papunësuar për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 198/18 dhe 241/18) dhe Ligjit të

Sigurimit Material të personave të papunësuar për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 10/20).

Neni 10

Për çështje të cilat nuk janë të rregulluara me këtë ligj dhe për çështje për të cilat ky ligj nuk udhëzon në zbatimin e një ligji tjetër, zbatohen dispozitat e Ligjit të Punësimit dhe të Sigurimit në rast të papunësisë të cilat kanë të bëjnë me personat e papunë – shfrytëzues të kompensimit me para.

Neni 11

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, shfuqizohet Ligji i Sigurimit Material të personave të papunë për shkak të privatizimit të ndërmarrjeve me pronësi dominuese të shtetit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 10/20).

Neni 12

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**2888.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД COVID – 19 ВРЗ ПРОИЗВОДСТВОТО И ОТКУП НА ТУТУН**

Се прогласува Законот за финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од COVID – 19 врз производството и откуп на тутун,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јули 2021 година.

Бр. 08-3621/1
29 јули 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД COVID - 19 ВРЗ ПРОИЗВОДСТВОТО И ОТКУП НА ТУТУН**

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите, корисниците и висината и постапката за доделување на финансиска поддршка за намалување на последиците врз производството и откуп на тутун предизвикани од Covid - 19.

Член 2

Исплатата на средствата за финансиска подршка се врши од Буџетот на Владата на Република Северна Македонија, потпрограма П1 - Мерки за справување на COVID - 19 кризата, врз основа на решенија за исплата донесени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата).

Член 3

Корисници на финансиска поддршка согласно со овој закон се производителите на тутун кои се корисници на мерка 1.10 Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2020 година од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година.

Член 4

Финансиската поддршка за намалување на последиците врз производството и откуп на тутун предизвикани од Covid - 19 се состои од:

1. Поддршка по килограм на произведен и продаден необработен тутун во регистрирано откупно претпријатие согласно со Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи од II класа во висина од 3 денари по килограм;

2. Поддршка по килограм на произведен и продаден необработен тутун во регистрирано откупно претпријатие согласно со Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи од III и IV класа во висина од 16 денари по килограм.

Член 5

(1) Износот на подршката од членот 4 од овој закон по поединечен корисник се утврдува врз основа на податоците за производителите на тутун и произведениот и откупен тутун кои Агенцијата ги има утврдено во постапката за одобрување и исплата на финансиската поддршка по мерката 1.10 Директни плаќања за произведен и продаден необработен тутун од реколта 2020 година од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2021 година.